# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ
**Информации за корисниците**

## Foster NEXThaler® /Фостер НЕКСТхалер 100/6 микрограми прашок за инхалирање

Активни материи: беклометазон beklometazon dipropionat, formoterol fumarat dihidrat
За употреба кај возрасни лица.

**ПРОЧИТАЈТЕ ГО ЦЕЛОТО УПАТСТВО ВНИМАТЕЛНО ПРЕД ДА ЗАПОЧНЕТЕ СО ТЕРАПИЈА ОВОЈ ЛЕК ЗАТОА ШТО СОДРЖИ ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ.**

- Сочувајте го ова упатство. Можеби ќе морате повторно да го прочитате.
- Ако имате дополнителни прашања, прашајте го Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан само Вам лично. Не смеете да го давате на други лица. Може да им наштети, дури и ако симптомите на болеста се исти како и Вашите.
- Ако добиете несакани ефекти, разговарајте со вашиот лекар, медицинска сестра или фармацевт. Ова вклучува било кои несакани ефекти кои не се наведени во упатството.

**Содржина на упатството:**


1. Што претставува и за што служи Фостер НЕКСТхалер®,
2. Што треба да знаете пред да употребите Фостер НЕКСТхалер ®,
3. Како се употребува Фостер НЕКСТхалер ®,
4. Можни Несакани дејства,
5. Услови за чување на Фостер НЕКСТхалер ®,
6. Дополнителни информации,


## 1. Што претставува и за што служи Фостер НЕКСТхалер®

Фостер НЕКСТхалер® е прашок кој се инхалира преку уста и се испорачува длабоко во вашите бели дробови. Содржи две активни материи беклометазон дипропионат анхидричен и формотерол фумарат дихидрат.

- Беклометазон дипропионат анхидричен спаѓа во групата на лекови кои се нарекуваат стероиди (технички кортикостероиди). Стероидите служат за третман и превенција на симптоми на астма. Го намалуваат воспалението, отокот и надразнувањето на зидовите на малите дишни патишта во белите дробови.

- Формотерол фумарат дихидрат спаѓа во групата лекови кои се нарекуваат долго делувачки бронходилататори. Тие ја отпуштаат мазната мускулатура во дишните патишта и така ги прошируваат, со што го олеснуваат дишењето, односно го подобруваат влезот и излезот на воздухот од белите дробови.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

Овие две активни материи го олеснуваат дишењето, со обезбедување на ублажување на симптомите, како што се краток здив, шуштење во белите дробови и кашлица кај пациенти со астма и ХОББ, а помагаат и во превенирањето на астматичните симптоми.

Астма

Фостер НЕКСТхалер® е наменет за третман на астма кај возрасни.

Ако Ви е препишан Фостер НЕКСТхалер® тогаш или:

- Вашата астма не може соодветно да се контролира со употреба на инхалаторни кортикостероиди и краткоделувачки бронходилататори кои се замаат „по потреба"

или

- Вашата астма добро реагира на лекувањето заедно со кортикостероиди и долгоделувачки бронходилататори.

ХОББ

Фостер НЕКСТхалер® може исто така да се употребува за третман на тешки хронични обструктивни белодробни заболувања (ХОББ), кај возрасни пациенти. (ХОББ) е долготрајно заболување на дишните патишта во белите дробови кој примарно е предизвикан од пушење на цигари.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ Фостер НЕКСТхалер®

**Не користете Фостер НЕКСТхалер®:**

- Ако сте алергични на беклометазон дипропионат анхидричен или формотерол фумарат дихидрат или на некои од другите составни материи на овој лек (види дел 6).

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

**Не го употребувајте овој лек ако имате симптоми на акутна астма како што се краток здив, отежнато дишење и кашлање, астмата ви се влошува или имате акутен напад на астма. За ублажување на симптомите треба да го користите вашиот брзо делувачки "олеснувач" инхалатор кој треба да го носите со вас во секое време.**

**Разговарајте со вашиот лекар пред да земете Фостер НЕКСТхалер® ако имате нешто од следново:**

- проблеми со срцето, или било која позната болест на срцето и/или срцевата функција.

- Нарушување на ритамот на срцето на пример, зголемено или неправилно биење на срцето, брз пулс или палпитации, или ако ви е кажано дека срцевата трага е абнормална.

- висок крвен притисок.

- Стеснување на артериите (исто така позната како артериосклероза), или ако знаете дека имате анеуризма (неприродно проширување на крвните садови).



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

- Прекумерно активна тироидна жлезда

- Ниско ниво на калиум

- Заболување на црниот дроб или бубрезите

- Дијабетес, ако имате шеќерна болест. Ако вдишете повисоки дози на формотерол може да се зголеми нивото на гликоза во крвта, поради што на почетокот на користење на овој инхалатор ќе морате да направите некои дополнителни анализи на крвта за да се провери нивото на шеќер во крвта, а таквите анализи ќе морате да ги повторувате од време на време во текот на лекувањето .

- ако имате тумор на надбубрежната жлезда (познат како phaeochromocytoma).

- ако морате да примите анестетик. Во зависно од видот на анестетикот, можеби нема да смеете да земате Фостер НЕКСТхалер® најмалку 12 часови пред анестезијата.

- ако се лекувате или сте се лекувале од туберкулоза (ТВ) или ако е потврдено дека имате вирусна или габична инфекција на белите дробови.

**Ако некоја од горенаведените информации се однесуваат на Вас, информирајте го за тоа Вашиот лекар пред да започнете со употреба на Фостер НЕКСТхалер®.**
Ако не сте сигурни дали може да употребувате Фостер НЕКСТхалер® разговарајте со Вашиот лекар, медицинска сестра за астма или фармацевт пред употреба на инхалаторот.

**Вашиот лекар можеби ќе сака да го измери новото на калиум во крвта од време на време ако болувате од тешка астма.** Како и многу лекови така и Фостер НЕКСТхалер® може да предизвика нагло опаѓање на нивото на калиум (хипокалемиа). Ова е поради тоа што недостатокот на кислород во крвта е комбинирано со некои третмани кои може да ги земате заедно со Фостер НЕКСТхалер® може да го влоши падот на нивото на калиум.

**Ако употребувате инхалатор за да земете повисоки дози на инхалаторни кортикостероиди во тек на подолг период,** можеби ќе имате зголемена потреба за кортикостероиди во стресни ситуации. Стресните ситуации може да вклучуваат посета на болница по повреда, сериозна повреда или време пред операција. Во тие случаи, лекарот кој Ве лечи ќе реши дали треба да Ви се зголеми дозата на кортикостероиди и можеби ќе Ви препише некои стероиди во облик на таблети или инјекции.

**Ако мора да одите во болница**, запамтете да ги земете сите лекови и инхалатори со вас, вклучувајќи го Фостер НЕКСТхалер® и сите други лекови или таблети што сте ги купиле без рецепт, по можност во оригиналното пакување.

**Деца и адолесценти**
Не го давајте овој лек на деца и адолесценти на возраст под 18 години.



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

**Употреба на Фостер НЕКСТхалер® со други лекови:**
Пред започнување на лекувањето, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт дали употребувате или неодамна сте употребувале накои други лекови, вклучувајќи други инхалатори и лекови кои сте ги набавиле без лекарски рецепт. Ова е поради тоа што Фостер НЕКСТхалер® може да влијае на делувањето на други лекови. Исто така, некои лекови може да влијаат на начинот на кој делува Фостер НЕКСТхалер®.

**Не употребувајте бета блокатори со овој лек:** Бета блокаторите се лекови кои се употребуваат за третман на многу услови кои вклучуваат проблеми на срцето, висок крвен притисок или глаукома (зголемен очен притисок). Ако треба да употребувате бета блокатори (вклучувајќи и капки за очи), ефектот на формотерол може да се намали или формотеролот нама воопшто да делува.

**Употреба на Фостер НЕКСТхалер® кога го земате заедно со следните лекови:**

| | |
|---|---|
| • други лекови кои делуваат на ист начин како и формотерол (т.е. адренергични лекови, кои вообичаено се употребуваат за третман на астма) | → може да се зголеми ефектот на формотерол. |
| • Хинидин, дисопрамид, прокаинамид (за третман на абнормален срцев ритам)<br>• Некои антихистаминици на пример терфенадин (за третман на алергиски реакции)<br>• Моноаминооксидаза инхиботори или трициклични антидепресанти на пример фенелзин, изокарбоксазид, амитриптилин и имипрамин; фенофтиазини (за третман или ментални нарушувања) | → може да предизвика промени во електрокардиограмот (ECG, срцева трага). Тие може исто да го зголемат ризикот од пореметување на срцевиот ритам (вентрикуларна аритмија). |
| • Л-допа (за третман на Паркинсоново заболување)<br>• Л-тироксин (за третман на послабо активна тироидна жлезда)<br>• Лекови кои содржат окситоцин (кој предизвикува контракции на матката) | → може да ја намалат вашата толеранција кон бета адренергични лекови, како што е формотерол. |
| • Моноаминооксидаза инхибитори (MAOIs) (за третман на ментални пореметувања), вклучувајќи лекови со слични особини како фуразолидон или прокарбазин. | → може да предизвика зголемување на крвниот притисок. |
| • дигоксин (за лекување на срцеви заболувања) | → може да предизвика пад на нивото на калиум во крвта. Ова може да го зголеми појавувањето на абнормален срцев ритам. |
| • Останати лекови за третман на астма (теофилин, аминофилин или стероиди)<br>• Диуретици (таблети за мокрење) | → може да предизвика пад на нивото на калиум. |



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

| | |
|---|---|
| • Некои анестетици | → може да го зголеми ризикот од абнормален срцев ритам. |

**Фостер НЕКСТхалер® со алкохол**
Треба да избегнувате да пиете алкохол освен ако претходно не сте разговарале со вашиот лекар. Алкохолот може да ја намали подносливоста на срцето кон една од актовните компоненти на Фостер НЕКСТхалер® формотерол.

**Бременост и доење**
Нема клинички податоци за употреба на Фостер НЕКСТхалер® во текот на бременоста.
Ако сте, или мислите дека сте бремени или планирате да забремените Ве молиме да се консултирате со вашиот лекар. Треба да употребувате Фостер НЕКСТхалер® за време на бременост ако Ве посоветувал вашиот лекар. Вашиот лекар ќе одлучи дали мора да прекинете со употреба на Фостер НЕКСТхалер® во тек на доењето или треба да земете Фостер НЕКСТхалер® и да прекинете со доењето. Секогаш следете ги советите на Вашиот лекар во потполност.

**Управување со моторни возила и ракување со машини**
Фостер НЕКСТхалер® малку е веројатно дека ќе влијае на способноста за управување со моторни возила и ракување со машини. Меѓутоа, ако имате несакани ефекти како што се вртоглавица и/или треперење, способноста за возење или ракување со машини може да бидат засегната.

**Фостер НЕКСТхалер® содржи лактоза монохидрат**
Ексципиенсот лактоза монохидрат содржи мала количина на млечни протеини, кои може да предизвикаат реакции кај алергични пациенти.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА Фостер НЕКСТхалер®

Секогаш употребувајте го Фостер НЕКСТхалер® точно како што Ви кажал вашиот лекар. Треба да проверите со вашиот лекар, медицинска сестра или фармацевт ако не сте сигурни.

Фостер НЕКСТхалер® испорачува екстраситен аеросол кој резултира со што повеќе испорачана доза до вашите бели дробови. Вашиот лекар може, според тоа, да препише пониска доза на овој инхалатор од вашите претходни инхалатори.

Астма
Вашиот лекар редовно ќе Ве прегледува за да провери дали редовно земате Фостер НЕКСТхалер® во оптимална доза. Еднаш кога вашата астма ќе биде добро контролирана вашиот лекар може да смета дека е соодветно постепено да ја намали дозата на Фостер НЕКСТхалер®. **Немојте во никој случај** да ја менувате дозата на Фостер НЕКСТхалер® која ја земате, а претходно да не сте се посоветувале со Вашиот лекар.

**Која количина од Фостер НЕКСТхалер® да ја земете:**
Препорачаната доза на овој лек е 1-2 инхалации два пати на ден.
Максималаната доза е 4 инхалации.
**Не ја зголемувајте дозата.**
Ако почувствувате дека лекот не е ефективен, секогаш разговарајте со Вашиот лекар пред да ја зголемите дозата.

**Хронична Обструктивна Белодробна Болест (ХОББ)**

Возрасни и постари пациенти:
Препорачаната доза е две инхалации наутро и две инхалации навечер.

**Запамтете: секогаш треба да го имате со себе брзо делувачкиот ”ослободувачки” инхалатор за да го третирате влошувањето на симптомите на астма или ненадеен напад на астма.**

**Како се употребува Фостер НЕКСТхалер®:**

**Фостер НЕКСТхалер® е за инхалациска употреба.**

Во ова пакување, ќе најдете инхалатор во заштитна кеса наречен Некстхалер кој го содржи вашиот лек во облик на прашок. Инхалаторот некстхалер ви овозможува да го инхалирате вашиот лек.

**Ве молиме прочитајте ги упатствата на крајот на ова упатство за повеќе информации за тоа како се употребува и чисти Некстхалер инхалаторот.**

Кога и да е можно, застанете или седнете во исправена положба кога инхалирате.

**Ако вдишете повеќе Фостер НЕКСТхалер® отколку што е препишано:**

- Контактирајте го вашиот лекар или одделот за консултации во најблиската болница за совет. Земете го вашиот лек со вас за да луѓето може да видат што сте зеле;
- Може да се јават несакани ефекти. Кажете му на вашиот лекар ако имате невообичаени симптоми затоа што тој можеби ќе сака да изврши дополнителни тестови или ќе реши за било кои дополнителни мерки ако се потребни.

**Ако заборавите да земете Фостер НЕКСТхалер®:**
Земете го лекот веднаш штом се сетите. Ако е блиску времето за да ја земете следната доза, не земајте ја дозата која сте ја пропуштиле, туку едноставно земете ја следната доза.
**Не земајте двојна доза.**

**Ако престанете да земате Фостер НЕКСТхалер®:**
Дури и ако се чувствувате подобро, не престанувајте со земање на Фостер НЕКСТхалер®, или да ја намалите дозата. Ако сакате да го направите ова, посоветувајте се со својот лекар. Особено е важно редовно да земате Фостер НЕКСТхалер®, како што Ви препишал вашиот лекар дури и кога немате никакви симптоми.

<u>Ако Вашето дишење не се промени:</u>
Ако вашите симптоми не се подобрат по инхалирање на Фостер НЕКСТхалер®, можеби го употребувате погрешно. Исто така проверете ги инструкциите за коректна употреба на крајот на ова упатство и/или контактирајте го вашиот лекар или медицинска сестра за да Ве обучат за правилна употреба.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Ако Вашата астма се влоши:
Ако Ви се влошат симптомите или Ви е тешко да ги контролирате (пр. ако често го употребувате вашиот "олеснувачки" инхалатор) или ако вашиот "олеснувачки" инхалатор не ги подобрува вашите симптоми, треба да продолжите со употреба на Фостер НЕКСТхалер®, но веднаш јавете се на својот лекар. Вашиот лекар можеби ќе има потреба да Ви ја смени дозата на Фостер НЕКСТхалер® или да Ви препише дополнителен или алтернативен третман.

Ако имате било какви други прашања околу употребата на овој лек обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, и овој лек може да предизвика несакани дејства, иако тие не се јавуваат кај сите лица.

Како и со другите инхалаторни третмани постои ризик од останување без здив, кашлање и отежнато дишење веднаш по употреба Фостер НЕКСТхалер® и тоа е познато како **парадоксален бронхоспазам**. Ако се случи тоа **ПРЕСТАНЕТЕ да земате Фостер НЕКСТхалер® и веднаш употребете го вашиот брзо делувачки "олеснувачки" инхалатор** за лекување на симптомите. Треба да се јавите веднаш кај вашиот лекар.

Кажете му на вашиот лекар ако имате алергиски реакции кои вклучуваат кожни алергии, чешање по кожата, осип на кожата, црвенило на кожата, оток на кожата или мукозните мембрани, особено на очите, лицето, устата и грлото.

Други можни несакани ефекти на употреба на Фостер НЕКСТхалер® се наведени подолу според нивната фреквенција.

**Треба да се јавите веднаш кај Вашиот лекар или фармацевт:**
- Ако имате било кој од несаканите ефекти наведени подолу и тие Ви предизвикаат болка, тешки се или траат неколку дена
- Ако сте загрижени на било кој начин или ако постои нешто што не го разбирате.

Вашиот лекар веројатно ќе ја процени вашата астма и ако е потребно ќе почнете друг тек на лекување. Може ќе Ви се каже дека не треба да користите Фостер НЕКСТхалер® повторно.

**Чести** (се јавуваат кај помалку од 1 од 10 лица).
- треперење.
- пневмонија кај пациенти со ХОББ: кажете му на вашиот лекар ако имате било од следниве несакани ефекти, а земајќи Фостер НЕКСТхалер® тие би можеле да бидат симптоми на инфекција на белите дробови:
  • треска или грозница
  • зголемување на производството на слуз, промена на бојата на слузта
  • зголемена кашлица или зголемување на тешкотии во дишењето

**Помалку чести** (се јавуваат кај помалку од 1 од 100 лица)
- симптоми на студенило, болки во грлото

- габични инфекции (на устата и грлото). Испирањето на устата или гаргара со вода и четкање на забите веднаш по инхалирањето може да помогне да се спречат овие несакани ефекти.
- влошување на симптомите на астмата, отежнато дишење
- засипнатост
- кашлица
- невообичаено брзо отчукување на срцето
- невообичаено бавно отчукување на срцето
- болки на дробење во градите
- главоболка
- чувство на разболување
- чувство на замор или нервоза
- промени во електрокардиограмот (ЕКГ)
- ниско ниво на кортизол во урината или крвта
- високо ниво на калиум во крвта
- високо ниво на гликоза во крвта
- високо ниво на масти во крвта.

**Несакани ефекти кои се забележани со слични лекови за инхалација** кои содржат беклометазон дипропионат и/или формотерол се:
- палпитации
- нееднакво отчукување на срцето
- ненормален или оштетен осет за вкус
- болка во мускулите и грчеви во мускулите
- немир, вртоглавица
- чувство на анксиозност
- нарушување на спиењето
- пад на нивото на калиум во крвта
- зголемување/намалување на крвниот притисок.

**Користење на високи дози на инхалаторни кортикостероиди за подолг временски период може да предизвика системски ефекти** кои вклучуваат:
- проблеми со тоа како работат вашите надбубрежни жлезди (adrenosuppression)
- стенчување на коските
- застој во растот кај децата и адолесцентите
- зголемен притисок во очите (наречен глауком), катаракта
- брзо зголемување на телесната тежина, особено на лицето и трупот
- проблеми со спиењето, депресија или чувство на грижа, немир, нервоза, премногу возбуда или надразнетост. Овие ефекти се со поголема веројатност да се појават кај децата.
- абнормално однесување.

**Известување на несакани ефекти**

Ако добиете било какви несакани ефекти, разговарајте со вашиот лекар, медицинска сестра или фармацевт. Ова вклучува било кој несакан ефект кој не е наведен во ова упатство.

Вие исто така може да пријавите несакани ефекти директно преку националниот **систем за известување наведен во Прилог V.** Со известување на несаканите ефекти може да се помогне да се обезбедат повеќе информации за безбедноста на лекот.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

## 5. УСЛОВИ НА ЧУВАЊЕ НА Фостер НЕКСТхалер®

Лекот чувајте го подалеку од дофатот и видот на деца.

Не го користете овој лек по истекот на рокот на важност по датумот кој е наведен на пакувањето, заштитната кеса и етикета по Exp. Датумот на истек на рокот на употреба се однесува на последниот ден во месецот.

Да се чува во оригинално пакување со цел да се заштити од влага. Извадете го инхалаторот од заштитната кеса веднаш пред првата употреба.

Пред прво отворање на кесата:
Овој лек не бара посебни температурни услови на чување.

По прво отворање на кесата:
Не го чувајте над температура над 25°C.

По прво отворање на кесата, лекот треба да се употреби во рок од 6 месци. Употребете ја етикетата на кутијата да го запишете датумот кога сте ја отвориле кесата.

Не ги фрлајте лековите преку комуналниот отпад или во канализација. Прашајте го својот фармацевт каде можете да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви требаат. Таквите мерки помагаат во зачувување на природата.

**Ве молиме прочитајте ги инструкциите на крајот на ова упатство за повеќе информации за тоа како се чува Некстхалер инхалаторот.**

## 6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Фостер НЕКСТхалер®:**
Активните супстанци се: беклометазон дипропионат анхидричен и формотерол фумарат дихидрат.

Секоја единечна доза содржи 100 микрограми беклометазон дипропионат анхидричен и 6 микрограми формотерол фумарат дихидрат. Ова одговара на испорачана доза од додатокот за уста на 81,9 микрограми беклометазон дипропионат анхидричен и 5,0 микрограми формотерол фумарат дихидрат.

Останатите инградиенти се: лактоза монохидрат (кој содржи мала количина млечни протеини) и магнезиум стеарат.

**Како изгледа Фостер НЕКСТхалер® и содржина на пакувањето:**
Овој лек е презентиран во облик на бел до скоро бел прашок за инхалација во пластичен инхалатор наречен некстхалер.
Едно пакување содржи еден спреј контејнера кој може да обезбеди 120 инхалации.
Секој инхалатор доаѓа во заштитна кеса (алуминиумско фолиено пакување).

Не сите големини на пакувања може да бидат достапни на пазарот.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

**Носител на одобрението за ставање во промет:**
Провиденс д.о.о. Загреб,
Претставништво во Македонија
Ул. Козара 13 А-2, 1000 Скопје, Р. Македонија

**Производител:**
Chiesi Farmaceuticals GmbH
Gonzagagasse 16/16
1010 Виена,
Австрија

**Место на производство:**
Chiesi Pharmaceutici SpA
Via Palermo 26/A,
43122 Парма
Италија

**БРОЈ(ЕВИ) НА ОДОБРЕНИЕТО (ЈАТА) ЗА СТАВАЊЕ НА ГОТОВ ЛЕК ВО ПРОМЕТ**

11-5103/6 ОД 18.11.2015

**ДАТУМ НА ПОСЛЕДНАТА РЕВИЗИЈА НА ТЕКСТОТ**

Ноември, 2016

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

**УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА Некстхалер инхалатор**

**Ве молиме да ги прочитате следниве упатства пред да почнете со користење на овој инхалатор.**
**Ако имате било какви проблеми со користење на овој инхалатор, ве молиме да го контактирате го вашиот лекар, медицинска сестра или фармацевт.**

## Содржина на пакувањето

Ова пакување содржи:

- 1 упатство за користење
- 1 Некстхалер инхалатор во запечатена заштитна кеса.

  **Ако содржината на пакувањето не е соодветствува, вратете го вашиот инхалатор на лицето кое ви го дало (т.е. фармацевт или лекар) и земете ново пакување.**

**A. Општи предупредувања & мерки на претпазливост**

- **Не го** отстранувајте инхалаторот од кесата ако немате намера да го користите веднаш.
- Употребувајте го инхалаторот како што е означено.
- Ако не сте сигурни дали ја примате дозата коректно контактирајте го Вашиот фармацевт или лекар.
- Ако не сте сигурни дали бројачот на дозата се намалил за еден по инхалацијата, почекајте додека не дојде времето за следна инхалација и земете ја истата нормално. Не земајте дополнителна доза.
- Чувајте го капакот затворен додека не треаба да ја земете дозата од инхалаторот.
- Кога не го употребувате инхалаторот чувајте го на чисто и суво место.
- **Не се** обидувајте да го расклопите вашиот Некстхалер инхалатор од било која причина.
- **Не** го користете вашиот инхалатор Некстхалер:
  - По датумот на рок на употреба
  - Ако поминале повеќе од 6 месеци од отворање на кесата
  - Ако е скршен
  - Ако бројачот на дозата покажува “0”
  - Ако неможете да ја прочитате дозата од прозорецот за броење на дозите.

**Во овие случаи, отстранете го инхалаторот, или вратете го на лицето кое Ви го набавило, и земете нов. Прашајте го фармацевтот како да ги отстраниоте инхалаторите кои веќе не ви се потребни.**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

## B. Клучни карактеристики на вашиот Некстхалер инхалатор




Земање на доза од вашиот Некстхалер инхаларот бара само три едноставни чекори: Отворање, Инхалирање, Затворање.

## C. Пред употреба на нов Некстхалер инхалатор

1. **Отворете ја кесата и извадете го инхалаторот.**
   - **Не** го употребувајте вашиот инхалатор ако кесата не е залепена или ако е оштетена – вратете го назад на лицето кое Ви го дало и земете нов.
2. **Контрола на инхалаторот.**
   - Ако инхалаторот изгледа дека е скршен или оштетен, вратете го на лицето кое Ви го дало и земете нов.
3. **Проверете го прозорецот на бројачот на дози. Ако вашиот инхалатор е нов ќе видите “120” во прозорецот на бројачот на дози.**
   - **Не** го употребувајте инхалаторот ако бројот покажува помалку од “120” – вратете го на лицето кое Ви го дало и земете нов.




## D. Како да го употребувате Вашиот Некстхалер инхалатор

### D.1. Визуелна контрола

1. **Проверете го бројот на останати дози: секој број помеѓу “1” и “120” покажува дека има останато дози.**
   - Ако прозорецот на бројачот на дози покажува “0” значи дека нема останато дози – отстранете го инхалаторот и земете нов.
2. **Осигурај се дека капакот е комплетно затворен пред да го употребиш.**



АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

**D.2. Отворање**

1. **Држи го инхалаторот цврсто во исправена положба.**
2. **Отвори го капакот комплетно.**




3. **Пред инхалирање издиши силно додека се чувствуваш комотно.**
    - **Не** диши низ инхалаторот.

**D.3. Вдишување**

**Кога и да е возможно, стој или седи во исправена положба кога инхалираш.**

1. **Подигнете го инхалаторот, донесете го до устата и поставете ги усните околу додатокот за уста.**
    - **Не го** покривајте отворот за воздух додека го држите инхалаторот.
    - **Не** инхалирајте низ отворот за воздух.
2. **Земете брз и длабок здив низ устата.**
    - Може да забележите вкус додека ја земате дозата.
    - Може да слушнете или почувствувате клик кога ќе ја земате дозата.
    - **Не** вдишувајте преку нос.
    - **Не** го отстранувајте инхалаторот од усните за време на инхалацијата.



3. **Отстрани го инхалаторот од устата.**
4. **Задржи го здивот околу 5 до 10 секунди или онолку колку Ви е комфорно.**
5. **Издишете полека.**

- **Не** издишувајте преку инхалаторот.

**D.4. Затворање**

1. **Поместете го вашиот инхалатор назад во исправена положба и затворете го капакот целосно.**
2. **Проверете дали бројачот за дози е намален за еден.**




3. **Ако треба да земете уште една доза, повторете ги чекорите E.1 до E.4.**

## E. Чистење

- Нормално, не е потребно да се чисти инхалаторот.
- Ако е потребно можете да го чистите инхалаторот по употреба со сува крпа или платно.
    - **Не го** чистете инхалаторот со вода или други течности. Одржувајте го сув.

## F. Чување

- Кога не го употребувате вашиот инхалатор чувајте го во чисто и суво место. Можете да го вратите назад во кесата по употреба.
    - **Не** го изложувајте инхалаторот на директна сончева светлина.
    - **Не** го изложувајте инхалаторот на влага или влажна околина.
- Чувајте го надвор од поглед и дофат на деца.
- Ако вашиот инхалатор е употребуван повеќе од 6 месеци откако е отворена кесата, отстранете го и земете нов.

## G. Отстранување

- Отстранете го Некстхалер инхалаторот ако бројката на бројачот на дозите покажува "0".
- Прашајте го вашиот фармацевт што да направите со лековите кои сте ги потрошиле или не Ви се потребни.
    - **Не** ги фрлајте лековите во вашиот редовен домашен отпад.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •